2018

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2018 Г

IV Квартал

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10 до 12 м. 2018 година....3

ПРИХОДИ....4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2018 ГОДИНА....5

ТРОШОЦИ....6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2018 ГОДИНА....6
Трошоци за вработените....6
Патни и транспортни трошоци....7
Заеднички трошоци....7
Програмски права....9
Останати трошоци од работење....9
Инвестиции....9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2018 ГОДИНА....10

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2018г.....14

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО....14

Побарувања од купувачите во земјата....15
Побарувања од купувачите во странство....16

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА....16

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА....17

# ВОВЕД

Македонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2018 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 233.625.681 денар и расходи во износ од 455.091.162 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10 до 12 м. 2018 година**

| ОПИС | Остварување 01.10.-31.12.2017г. | | Финансиски план 2018г. | | Остварување 01.10.-31.12.2018г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **224,812,773** | **100.0** | **999,050,000** | **100.0** | **233,625,681** | **100.0** | **103.9** | **23.4** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **374,037,056** | **166.4** | **918,200,000** | **91.9** | **455,091,162** | **194.8** | **121.7** | **49.6** |
| Трошоци за вработени | 95,149,275 | 42.3 | 377,149,000 | 37.8 | 92,345,594 | 39.5 | 97.1 | 24.5 |
| Патни трошоци | 2,147,405 | 1.0 | 8,715,000 | 0.9 | 2,068,775 | 0.9 | 96.3 | 23.7 |
| Заеднички трошоци | 239,780,401 | 106.7 | 279,999,000 | 28.0 | 289,629,148 | 124.0 | 120.8 | 103.4 |
| Програмски права | 27,235,551 | 12.1 | 164,341,000 | 16.4 | 54,075,379 | 23.1 | 198.5 | 32.9 |
| Останати трошоци од работење | 9,724,424 | 4.3 | 87,996,000 | 8.8 | 16,972,266 | 7.3 | 174.5 | 19.3 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-149,224,283** | | **80,850,000** | | **-221,465,481** | | | |

Остварувањето кај вкупниот износ на трошоците кое во повисок обем секогаш се јавува во последниот квартал од годината произлегува од остварените трошоци по основ на камати и воглавно од пресметката на вредносното усогласување на побарувањата во земјата и странство по разни основи, меѓу кои во најголем обем од вредносното усогласување на ненаплатените побарувања по основ на РДТ кои всушност го зголемуваат обемот на вкупно реализирани трошоци што пак влијае на остварениот негативен финансиски резултат во анализираниот период.

# ПРИХОДИ

Во периодот октомври - декември 2018 година реализирани се вкупни приходи во износ од 233.625.681 денари.

Основен извор на финансирање на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Истите во анализираниот период се остварени во износ од 221.637.498 денари или 94,9% од вкупно реализираниот приход во 2018 година.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 87.376 денари што е реализација од 5,8% во однос на планираните приходи за 2018 година за оваа намена.

Приходот од услуги во странство за користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично како и услуги во земјата за користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги во земјата, за 2018 година, остварени се приходи во вкупен износ од 2.831.525 денари и истите во вкупните остварени приходи учествуваат со 1.2%.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 6.517.367 денари или остварување од 21.7 % во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, приходи од донации и друго. Во вкупно остварените приходи за четвртото тримесечје од 2018 година овие приходи учествуваат со 2,8%.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 2.542.247 денари што е реализација од 7.7% на планираните средства во Финансискиот план за 2018 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2018 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2017 год. | Планирани приходи за 2018 г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2018 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 149,000,000 | 886,550,000 | 221,637,498 | 148.7 | 25.0 | 94.9 |
| Приходи по одлука на Влада на РМ согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 40,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 89,872 | 1,500,000 | 87,376 | 97.2 | 5.8 | 0.0 |
| Радиодифузна такса | 12,704,830 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 4,000,000 | 2,612,914 | 505.1 | 65.3 | 1.1 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 1,563,288 | 2,000,000 | 218,611 | 14.0 | 10.9 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години и др. | 6,270,188 | 30,000,000 | 6,517,367 | 103.9 | 21.7 | 2.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 4,000,000 | 9,668 | 0.0 | 0.2 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција | 60,000 | 32,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 8,322,191 | 33,000,000 | 2,542,247 | 30.5 | 7.7 | 1.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за информатичко општество согласно Закон за аудио и аудиовизулни услуги | 6,285,090 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **224,812,773** | **999,050,000** | **233,625,681** | **103.9** | **23.4** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот октомври - декември 2018 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 455.091.162 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2018 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 95,149,275 | 377,149,000 | 92,345,594 | 97.1 | 24.5 |
| Патни трошоци | 2,147,405 | 8,715,000 | 2,068,775 | 96.3 | 23.7 |
| Заеднички трошоци | 239,780,401 | 279,999,000 | 289,629,148 | 120.8 | 103.4 |
| Програмски права | 27,235,551 | 164,341,000 | 54,075,379 | 198.5 | 32.9 |
| Останати трошоци од работење | 9,724,424 | 87,996,000 | 16,972,266 | 174.5 | 19.3 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **374,037,056** | **918,200,000** | **455,091,162** | **121.7** | **49.6** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 0 | 22,000,000 | 5,847,292 | 0.0 | 26.6 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **22,000,000** | **5,847,292** | **0.0** | **26.6** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **374,037,056** | **940,200,000** | **460,938,454** | **123.2** | **49.0** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во четвртото тримесечје од 2018 година бележи остварување во вкупен износ од 92.345.594 денари или 24.5% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 91.453.899 денари, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 692.738 денари како и трошоците во износ од 100.059 денари за едукација на вработените (разни обуки, посета на семинари и слично) и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 98.898 денари, ставка која опфаќа дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци и слично. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2018 година изнесува 25.210 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 2.068.775 денари и истата е реализирана со 23,7 % во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2018 година за оваа намена.

Во оваа група на трошоци со остварување во поголем обем се издвојуваат трошоците за дневници и ноќевања за службени патувања на екипите на МРТ во земјата и странство за реализација на програмски цели и истите изнесуваат вкупно 1.080.858 денари, како и трошоците за превоз за службени патувања надвор од земјата во износ од 196.474 денари. Од патувања во странство за реализирање на програмски цели позначајни се патувањата на екипите на МРТ во: Копенхаген – истражување на данскиот образовен систем за проектот БИРН, Белград – конференција за медиуми за истражувачко новинарство, потоа известување од вежба - Србија 2018 година - организирана од НАТО како и учество на меѓународна средба на претставници од јавните медиумски сервиси од западен Балкан, Базел и Лорах – снимање на емисија по повод 550 години од смртта на Скендербег, Солун – присуство на јавни радиодифузни сервиси од југоисточна Европа, Пекинг – учество на форум за соработка на медиумите, Хелсинки – учество на семинар за циркуларна економија и обновливи извори на енергија, Белорусија – учество на јуниорски Евросонг 2018 година, Берлин – симпозиум за животна средина, Болоња – меѓународен саем за земјоделска механизација, Корча – промоција на изданија од Институтот за македонски јазик на РМ, Нирнберг – снимање на три емисии од циклусот Про Вита, Женева – присуство на Генерално собрание на ЕБУ.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РМ во Белград, Прага, Јордан, Истанбул, Катовице, Загреб и итн.

### Заеднички трошоци

Во четвртиот квартал од 2018 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 289.629.148 денари. Оваа група ги опфаќа:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал, материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 703.660 денари, потоа
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјали, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 188.724 денари,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 8.415.544 денари,
- трошоците телефонски и поштенски услуги како фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 704.942 денари, и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 2.731.922 денари.
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 546.816 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.182.316 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во износ од 608.000 денари како и трошоците за одржување на

возилата на МРТ во износ од 266.432 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 263.842 денари,

- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.191.336 денари,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, за шпедитерски услуги, за регистрација на моторни возила и слично реализирани се трошоци во вкупен износ од 193.326 денари.
- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 15.651.105 денари. Трошоците за резервирање по основ на судски спорови изнесуваат 5.841.332 денари а се однесуваат на трошоци за дополнително пресметана камата согласно судска пресуда во спор со ММИ,
- вредносното усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, отпис на побарувања, вредносно усогласување на побарувања од РДТ и обезвреднување на тековни и нетековни средства е сметководствена категорија која за 2018 година е пресметана во вкупен износ од 179.277.756 денари и истата во најголем обем произлегува од ненаплатените побарувања по основ на РДТ кои всушност го зголемуваат обемот на вкупно реализирани трошоци што пак придонесува за остварен негативен финансиски резултат во анализираниот период.
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 138.193 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ, котизациии и слично.
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 1.547.322 денари и истите се пресметуваат согласно Законот за ААМУ,
- Дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 2.498.390 денари опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години.
- камати од работење е ставка која во четвртиот квартал од 2018 година бележи реализација од 5.330.906 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија разрешница е во тековната 2018 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати,
- трошоците пак за камати по основ на неплатени јавни давачки остварени во износ од 60.857.016 денари се реализација која произлегува од неплатениот износ на данок на добивка (пресметуван за секоја година поединечно почнувајќи од 2012 година а искажан како трошок во цел износ во 2018 година) и данок на додадена вредност (дополнително пресметана камата по Решение од УЈП од 2016 година за отплата на долгот за ДДВ до негова целосна исплата).

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 54.075.379 денари што претставува 32,9 % реализација на планот за 2018 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 4.473.050 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по склучени договори за откуп на права за пренос на FIFA – светски куп 2015-2018 година, права за ЗОИ, пренос на одбојкарски натпревари и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 2.020.408 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, шоу емисии на Урбан Соул и слично.

За откуп на програма од независни продуценти реализирани се трошоци во износ од 6.168.497 денари и тоа за откуп и емитување на ТВ проектот 5+ Фамилија на македонски и на албански јазик, ТВ серија Преспав (прва и втора сезона), серијал информативни емисии за Прв програмски сервис и друго.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 35.737.435 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови и серијали како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии, албански народни приказни, ТВ серија Преспав (трета сезона) и слично.

Трошоците во износ од 5.368.514 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на филмови и серии од најразлични жанрови.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 16.972.266 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 2.619.722 денари, трошоците за интелектуални услуги кои се однесуваат на превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма реализирани се во износ од 428.430 денари, потоа трошоците во износ од 822.525 денари реализирани за јуниорскиот Евросонг како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 2.213.490 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 10.173.252 денари.

## Инвестиции

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период набавена е опрема за надградба на систем за снимање, обработка и емитување на програма во МТВ и интелигентни светла и рефлектори за студија во износ од 5.847.292 денари.

# АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2018 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 94,025,517 | 375,000,000 | 91,453,899 | 97.3 | 24.4 |
| Отпремнина за одење во пензија | 325,208 | 1,500,000 | 692,738 | 213.0 | 46.2 |
| Други примања (теренски додаток) | 140,713 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 22,797 | 299,000 | 98,898 | 433.8 | 33.1 |
| Трошоци за здравствени услуги | 625,600 | 100,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 9,440 | 250,000 | 100,059 | 1,059.9 | 40.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **95,149,275** | **377,149,000** | **92,345,594** | **97.1** | **24.5** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 280,841 | 1,500,000 | 366,349 | 130.4 | 24.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,110,350 | 3,820,000 | 714,509 | 64.3 | 18.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 314 | 100,000 | 2,440 | 777.1 | 2.4 |
| Превоз за службени патувања во странство | 435,555 | 1,864,000 | 196,474 | 45.1 | 10.5 |
| Сопствено возило за службени потреби | 19,837 | 166,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 66,522 | 333,000 | 68,135 | 102.4 | 20.5 |
| **Вкупно 2** | **1,913,419** | **7,783,000** | **1,347,907** | **70.4** | **17.3** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 233,986 | 932,000 | 720,868 | 308.1 | 77.3 |
| **Вкупно 3** | **233,986** | **932,000** | **720,868** | **308.1** | **77.3** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,147,405** | **8,715,000** | **2,068,775** | **96.3** | **23.7** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 286,722 | 1,262,000 | 30,328 | 10.6 | 2.4 |
| Технички материјал | 937,229 | 1,264,000 | 217,012 | 23.2 | 17.2 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 4,517 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 5,570 | 286,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 118,993 | 1,097,000 | 456,320 | 383.5 | 41.6 |
| **Вкупно 4** | **1,353,031** | **4,209,000** | **703,660** | **52.0** | **16.7** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 78,287 | 1,762,000 | 150,804 | 192.6 | 8.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 250,000 | 33,304 | 0.0 | 13.3 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 449,000 | 4,616 | 0.0 | 1.0 |
| **Вкупно 5** | **78,287** | **2,471,000** | **188,724** | **241.1** | **7.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,253,002 | 16,660,000 | 4,181,549 | 185.6 | 25.1 |
| Трошоци за топлотна енергија | 2,965,403 | 17,320,000 | 3,366,479 | 113.5 | 19.4 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 673,376 | 3,660,000 | 867,516 | 128.8 | 23.7 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **5,891,781** | **37,940,000** | **8,415,544** | **142.8** | **22.2** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 412,302 | 866,000 | 69,994 | 17.0 | 8.1 |
| **Вкупно 7** | **412,302** | **866,000** | **69,994** | **17.0** | **8.1** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 79,369 | 700,000 | 78,212 | 98.5 | 11.2 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 417,279 | 2,264,000 | 613,750 | 147.1 | 27.1 |
| Трошоци за интернет | 16,182 | 400,000 | 12,980 | 80.2 | 3.2 |
| Поштарина | 54,830 | 333,000 | 53,575 | 97.7 | 16.1 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 4,973,328 | 14,000,000 | 2,731,922 | 54.9 | 19.5 |
| **Вкупно 8** | **5,540,988** | **17,697,000** | **3,490,439** | **63.0** | **19.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,096,704 | 4,000,000 | 1,182,316 | 107.8 | 29.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 0 | 3,160,000 | 590,000 | 0.0 | 18.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 146,910 | 11,620,000 | 18,000 | 12.3 | 0.2 |
| Одржување на возила | 180,427 | 2,830,000 | 266,432 | 147.7 | 9.4 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 23,601 | 100,000 | 31,468 | 133.3 | 31.5 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 295,309 | 1,064,000 | 263,842 | 89.3 | 24.8 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 617,139 | 3,660,000 | 546,816 | 88.6 | 14.9 |
| **Вкупно 9** | **2,360,090** | **26,454,000** | **2,898,874** | **122.8** | **11.0** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 390 | 40,000 | 1,130 | 289.7 | 2.8 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 63,450 | 0.0 | 21.2 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,339 | 983,000 | 276,452 | 133.3 | 28.1 |
| Трошоци за вода | 854,511 | 3,092,000 | 850,304 | 99.5 | 27.5 |
| **Вкупно 10** | **1,062,240** | **4,415,000** | **1,191,336** | **112.2** | **27.0** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 22,045 | 133,000 | 10,780 | 48.9 | 8.1 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 98,640 | 550,000 | 159,350 | 161.5 | 29.0 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 55,823 | 400,000 | 16,803 | 30.1 | 4.2 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 183,000 | 5,650 | 0.0 | 3.1 |
| Трошоци за противпожарна заштита | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 30,000 | 743 | 0.0 | 2.5 |
| **Вкупно 11** | **176,508** | **2,066,000** | **193,326** | **109.5** | **9.4** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,685,435 | 68,000,000 | 15,651,105 | 99.8 | 23.0 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 13,334,598 | 0 | 5,841,332 | 43.8 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **29,020,033** | **68,000,000** | **21,492,437** | **74.1** | **31.6** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 174,193,145 | 36,490,000 | 179,277,756 | 102.9 | 491.3 |
| **Вкупно 13** | **174,193,145** | **36,490,000** | **179,277,756** | 102.9 | 491.3 |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 81,298 | 566,000 | 230,745 | 283.8 | 40.8 |
| **Вкупно 14** | **81,298** | **666,000** | **230,745** | **283.8** | **34.6** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 517,107 | 2,700,000 | 58,468 | 11.3 | 2.2 |
| **Вкупно 15** | **517,107** | **2,700,000** | **58,468** | **11.3** | **2.2** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 172,797 | 900,000 | 138,193 | 80.0 | 15.4 |
| **Вкупно 16** | **172,797** | **910,000** | **138,193** | **80.0** | **15.2** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти, сертификати и сл. | 17,310 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 25,293 | 233,000 | 10,940 | 43.3 | 4.7 |
| **Вкупно 17** | **42,603** | **533,000** | **10,940** | **25.7** | **2.1** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,395,096 | 5,800,000 | 1,547,322 | 110.9 | 26.7 |
| **Вкупно 18** | **1,395,096** | **5,800,000** | **1,547,322** | **110.9** | **26.7** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,354,020 | 5,000,000 | 178,583 | 13.2 | 3.6 |
| Судски трошоци и административни такси | 182,932 | 932,000 | 35,633 | 19.5 | 3.8 |
| Останати трошоци и услуги од работење | 2,378 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **1,539,330** | **6,182,000** | **214,216** | 13.9 | 3.5 |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 498,360 | 600,000 | 307,500 | 61.7 | 51.3 |
| **Вкупно 20** | **498,360** | **600,000** | **307,500** | 61.7 | 51.3 |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 4,006,738 | 16,600,000 | 2,498,390 | 62.4 | 15.1 |
| **Вкупно 21** | **4,006,738** | **16,600,000** | **2,498,390** | **62.4** | **15.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 10,719,301 | 41,400,000 | 5,330,906 | 49.7 | 12.9 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 0 | 0 | 60,857,016 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 22** | **10,719,301** | **41,400,000** | **66,187,922** | **617.5** | **159.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 719,366 | 4,000,000 | 513,362 | 71.4 | 12.8 |
| **Вкупно 23** | **719,366** | **4,000,000** | **513,362** | **71.4** | **12.8** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **239,780,401** | **279,999,000** | **289,629,148** | **120.8** | **103.4** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 22,860,000 | 5,368,514 | 0.0 | 23.5 |
| Останати програмски права | 60,345 | 9,320,000 | 2,020,408 | 3,348.1 | 21.7 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 174,880 | 821,000 | 307,475 | 175.8 | 37.5 |
| Права за спортски настани | 2,816,857 | 67,000,000 | 4,473,050 | 158.8 | 6.7 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 6,473,310 | 16,960,000 | 6,168,497 | 95.3 | 36.4 |
| Копродукциски проекти | 17,710,159 | 44,880,000 | 35,737,435 | 201.8 | 79.6 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **27,235,551** | **164,341,000** | **54,075,379** | **198.5** | **32.9** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 56,868 | 300,000 | 44,898 | 79.0 | 15.0 |
| **Вкупно 25** | **56,868** | **300,000** | **44,898** | **79.0** | **15.0** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 190,456 | 532,000 | 51,570 | 27.1 | 9.7 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал-промотивни материјали | 0 | 300,000 | 11,705 | 0.0 | 3.9 |
| Услуги од рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 7,320,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 145,729 | 1,962,000 | 193,856 | 133.0 | 9.9 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 627,299 | 3,160,000 | 428,430 | 68.3 | 13.6 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 1,498,148 | 11,000,000 | 2,619,722 | 174.9 | 23.8 |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашна музичка продукција | 4,792,269 | 32,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 0 | 7,000,000 | 822,525 | 0.0 | 11.8 |
| Трошоци за судски извршители | 267,377 | 1,592,000 | 405,318 | 151.6 | 25.5 |
| **Вкупно 26** | **7,521,278** | **68,666,000** | **4,533,126** | **60.3** | **6.6** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,128,283 | 9,330,000 | 2,213,490 | 104.0 | 23.7 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 0 | 8,500,000 | 10,173,252 | 0.0 | 119.7 |
| **Вкупно 27** | **2,128,283** | **18,230,000** | **12,386,742** | **582.0** | **67.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2017г. | Финансиски план 2018г. | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 17,995 | 800,000 | 7,500 | 41.7 | 0.9 |
| **Вкупно 28** | **17,995** | **800,000** | **7,500** | **41.7** | **0.9** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **9,724,424** | **87,996,000** | **16,972,266** | **174.5** | **19.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **374,037,056** | **918,200,000** | **455,091,162** | **121.7** | **49.6** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 0 | 22,000,000 | 5,847,292 | 0.0 | 26.6 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **22,000,000** | **5,847,292** | **0.0** | **26.6** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **374,037,056** | **940,200,000** | **460,938,454** | **123.2** | **49.0** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2018г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 31.12.2018 година изнесува:

- Комерцијална банка 35.217 денари
- Халк банка 812 денари
- Тутунска банка 26.608 денари
- Стопанска банка 178 денари
- Шпаркасе банка 2.180 денари
- Еуростандард банка 12.996 денари
- Алфа банка 8.754 денари
- Прокредит банка 732 денари

***Вкупно на сметки : 87.477 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2018 година изнесува:**

- Стопанска банка 161 УСД
- Комерцијална банка 239 ЕУР
  3.033 АУД

# СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2018 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,143,799,792** | **2,111,875,999** | **98.5** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **43,056,853** | **38,831,311** | **90.2** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | **-1,249,241,607** | **-1,427,951,342** | **114.3** |
| **Вкупно:** | **937,615,038** | **722,755,968** | **77.1** |

## Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,090,586,418 | 2,060,797,572 | 98.6 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,213,374 | 51,078,427 | 96.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -1,249,241,607 | -1,427,951,342 | 114.3 |
| **Вкупно:** | **894,558,185** | **683,924,657** | **76.5** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,080,665,582 | 2,050,247,582 | 98.5 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,848,463 | 7,629,921 | 97.2 |
| - радио и телевизиски услуги | 2,908 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 137,349 | 95,310 | 69.4 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (закуп, струја) | 1,932,116 | 2,824,759 | 146.2 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,213,374 | 51,078,427 | 96.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -1,249,241,607 | -1,427,951,342 | 114.3 |
| **Вкупно:** | **894,558,185** | **683,924,657** | **76.5** |

### Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2018 година изнесуваат вкупно 38.831.311 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,512,931 | 34,558,595 | 94.6 |
| - ТВ услуги | 540,037 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,870,275 | 2,927,038 | 102.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,785 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 2,748,837 | 370,289 | 13.5 |
| - фестивали во странство | 115,446 | 155,285 | 134.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 252,542 | 263,245 | 104.2 |
| **Вкупно:** | **43,056,853** | **38,831,311** | **90.2** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2017 год. | состојба на 31.12.2018 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **905,982,306** | **668,836,292** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 237,143,167 | 97,103,954 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 108,706,102 | 34,782,398 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,506,745 | 81,190 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и други давачки | 193,592,294 | 204,385,690 |
| Обврски спрема вработените | 21,497,766 | 21,037,418 |
| Обврски за авторски договори | 6,019,532 | 1,363,433 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,960,476 | 191,805,056 |
| Останати краткорочни обврски | 577,695 | 616,171 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 60,923,916 | 53,335,671 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 84,054,613 | 64,325,311 |
| **Долгорочни обврски** | **313,253,253** | **239,969,443** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 24,841,975 | 18,945,865 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ | 2,731,540 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми | 285,679,738 | 221,023,578 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **1,219,235,559** | **908,805,735** |

Вкупните обврски на 31.12.2018 година изнесуваат 908.805.735 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2017 година се намалени за 310.829.735 денари, што е значителен износ на намалување и тоа како резултат на превземените активности, а согласно предвидливиот прилив кој го добива МРТ од Министерството за информатичко општество и администрација, за разлика од минатите години кога беше неизвесна и непредвидлива наплатата на РДТ.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2018 год. изнесува вкупно 818 лица, што е помалку за 1 лице во однос на состојбата на 30.09.2018 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2018 | 0 | 27 | 337 | 23 | 384 | 1 | 32 | 15 | 819 | |
| 31.12.2018 | 0 | 27 | 337 | 23 | 384 | 1 | 32 | 14 | 818 | -1 |
| структура 31.12.2018 г.(%) | 0.0 | 3.3 | 41.2 | 2.8 | 46.9 | 0.1 | 3.9 | 1.7 | 100.0 | -0.1 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2018 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2018 | 590 | 151 | 30 | 26 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 819 | |
| 31.12.2018 | 591 | 150 | 30 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 818 | -1 |
| структура 31.12.2018 г.(%) | 72.2 | 18.3 | 3.7 | 3.1 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -0.1 |

Во текот на периодот октомври - декември 2018 година со склучување на договори за вработување по објавен јавен оглас 3 лица засновале работен однос со МРТ од кои, 2 стручни соработници со ВСС во Секторот за правни работи и 1 стручен соработник со ВСС во Секторот за финансиски работи.

Во истиот период на вкупно 4 лица им е прекинат договорот за вработување, и тоа: со стекнување на правото на пензија на 1 манипулативен работник со НСС; на 1 новинар со ВСС и на 1 графички дизајнер со ССС поради користење на отсуство од работа без надомест на плата, а 1 уредник на програма со ВСС е починат.

Скопје, Март 2019 година